# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА РАДОВИШ

| Службен гласник на општина Радовиш Излегува по потреба | Петок Ноември 2023 година Број 18/2023 год. | Жиро сметка бр: 758014072063018 Даночен бр.: 4023005116486 |
| --- | --- | --- |

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоупава(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш,

Градоначалникот на Општина Радовиш донесува

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување
на Одлука за давање Согласност на Годишен план за изменување на годишен план за вработување за 2023 година во Општина Радовиш

Ја прогласувам и објавувам одлуката за давање Согласност на Годишен план за изменување на годишен план за вработување за 2023 година во Општина Радовиш, бр.08-1599/1

што советот на Општина Радовиш ја донесе на седница одржана на 30.10.2023 година.

Број 09-1599/2 Градоначалник
Дата 03.11.2023 г. на Општина Радовиш
Радовиш Ацо Ристов Digitally signed

Врз основа на член 20-б од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/19 и 14/20) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Радовиш,

Советот на Општина Радовиш на XXXVII седницата одржана на ден 30.10.2023 година, донесе:

ОДЛУКА
за давање Согласност на Годишен план за изменување на годишен план за вработување за 2023 година во Општина Радовиш

Член 1

Се дава Согласност на Годишен план за изменување на годишен план за вработување за 2023 година во Општина Радовиш бр.37-188/8 од 19.10.2023 година.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила 8(осмиот) ден од денот на објавување во „Службен гласник на општина Радовиш„ а ќе почне да се применува по добивање на Согласност од Министерство за информатичко општество.

Број 08-1599/1 Совет на општина Радовиш
Дата 30.10.2023 г. Претседател
Радовиш Моника Трајанова с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоупава(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш,

Градоначалникот на Општина Радовиш донесува

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување
на Одлука за донесување на Програма за родова рамноправност на жените и мажите на општина Радовиш и работа на КЕМ за 2023 година и Програма

за родова рамноправност на жените и мажите на општина Радовиш и работа на КЕМ за 2023 година

Ја прогласувам и објавувам одлуката за донесување на Програма за родова рамноправност на жените и мажите на општина Радовиш и работа на КЕМ за 2023 година, бр.08-1600/1 и Програма за родова рамноправност на жените и мажите на општина Радовиш и работа на КЕМ за 2023 година бр.08-1600/2

што советот на Општина Радовиш ѓи донесе на седница одржана на 30.10.2023 година.

Број 09-1600/3 Градоначалник
Дата 03.11.2023 г. на Општина Радовиш
Радовиш Ацо Ристов Digitally signed

Врз основа на член 36 став1 точка 15 од Законот за локална самоупава (Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Радовиш и член 14 став 1 и став 2 од Законот за еднакви можности на мажите и жените – („Службен весник на Република Македонија“ бр. 6/12, 30/13, 166/14 и 150/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 53/21), Советот на Општина Радовиш на XXXVII седницата одржана на ден 30.10.2023 година, донесе:

О Д Л У К А
за донесување на Програма за родова рамноправност на жените и мажите на општина Радовиш и работа на КЕМ за 2023 година

I. Се донесува Програма за родова рамноправност на жените и мажите на општина Радовиш и работа на КЕМ за 2023 година.

II. Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Радовиш“.

Број 08-1600/1 Совет на општина Радовиш
Дата 30.10.2023 г. Претседател
Радовиш Моника Трајанова с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Службен Весник на РМ” бр.5/02), член 14 став 1 и став 2 од Законот за еднакви можности на мажите и жените – („Службен весник на Република Македонија“ бр. 6/12, 30/13, 166/14 и 150/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 53/21),
Советот на Општина Радовиш на XXXVII седницата одржана на ден 30.10.2023 година, донесе:

**ПРОГРАМА**
**за родова рамноправност на жените и мажите на општина Радовиш и работа на КЕМ за 2023 година**

**I. Вовед.**

Родовата рамноправност во Република Северна Македонија, е загарантирана со Уставот од 1991 година и како фундаментално човеково право претставува една од најважните цели и приоритети за државата. Покрај Уставот, родовата рамноправност е предвидена и регулирана и во други законски прописи и меѓународни договори кои претставуваат составен дел од нашиот правен поредок:

- Декларација за правата на човекот (1948 година);

- Меѓународна конвенција за политички права на жените – еднакви права за двата пола (1952 година);
- CEDEW Конвенција на ООН – Конвенција за елиминација на сите форми на дискриминација на жената (1979 година):
- Пекиншката декларација и платформата за акција – рамноправност, развој и мир (1995 година);
- Европската повелба за еднаквост помеѓу мажите и жените (2006 година).
- Член 9, Устав на Република Македонија/граѓаните на Република Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и ветрското уверување, имотната и општествената положба;
- Истамбулската конвенција - конвенција на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и домашното насилство,
- Закон за еднакви можности на жените и мажите – пречистен текст (“Службен Весник на РСМ” бр.201/2015);
- Закон за заштита од вознемирување на работно место (“Службен Весник на РСМ” бр./2013);
- Закон за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство (“Службен Весник на РСМ” бр.24/2021);
- Закон за спречување и заштита од дискриминација (“Службен Весник на РСМ” бр.258/2020);
- Стратегија за родова еднаквост на РСМ
- Национален план за акција за родова рамноправност.

**Локален контекст**

Врз основа на член 14 од Законот за еднакви можности на жените и мажите, Општина Радовиш, има обврска за воспоставување на еднаквите можности на жените и мажите во политичката, економската, социјалната, образовната, културната, здравствената, граѓанската и било која област, од општествениот живот. Единиците на локалната самоуправа се должни во рамките на своите стратешки планови и буџети да го инкорпорират принципот на еднакви можности на жените и мажите, да ги следат ефектите и влијанието на нивните програми врз жените и мажите и да известуваат во рамките на своите годишни извештаи и да учествуваат во подготвувањето на Стратегијата за родова еднаквост во делот кој се однесува на единиците на локалната самоуправа. За остварување на оваа цел, општината, согласно одредбите од член 14 од овој закон, а заради суштинска имплементација на целите, покрај другото е должна да изработи годишна програма во која ќе бидат утврдени мерките за унапредување на еднаквите можности на жените и мажите. Оваа Програма е усогласена со националните законски и стратешки определби како и со стратешките определби на Општина Радовиш. Програмата произлегува од воочените проблеми со кои се соочуваат жените во Општина Радовиш како што се: семејното насилство, социјална исклученост на ранливите групи, недоволното учество на жените во процесите на одлучување на локално ниво, економско јакнење на жената, здравјето на жената и сл.

## II. ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Основни цели на Програмата за родовата рамноправност на жените и мажите на Општина Радовиш и работа на КЕМ за 2023 година се:

- Зајакнување на институционалните механизми за воведување на еднаквите можности на жените и

мажите (ЕМЖМ) во приоритетните области во надлежност на Општината (социјална заштита, образование, култура, спорт и сл.).

- Промоција на родовата еднаквост како вредност, преку информативни кампањи, настани, манифестации и едукации.
- Поголема вкученост на жените во процесите на идентификување приоритети и одлучување во општината.

## III. ПРИОРИТЕТНИ ОБЛАСТИ НА ДЕЛУВАЊЕ

1. Воведување на родов пристап во креирање локални политики
2. Човекови права и родова еднаквост
    - Родово базирано насилство
    - Економија

4. Институционален развој и организациско јакнење на Комисијата за еднакви можности во Општина Радовиш

## ДЕФИНИРАНИ ПРИОРИТЕТИ ЗА ОПЕРАТИВЕН ПЛАН ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ ЗА 2023 ГОДИНА

| Р.бр. | Активности | Опис на активности | Време на реализација | Носители на реализација | БУЏЕТ | Индикатори |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Воведување на родов пристап во креирање на локални политики** | | | | | |
| | | | | | | |
| 1 | Активирање на локалните административни единици (месни и урбани заедници), заради создавање на услови за учество на жените од маргинализираните групи и руралните средини во процеси за креирање и имплементирање на локални јавни политики | - Редовни информативно настани<br>- Формирање на локални женски јадра<br>- Подготовка и дистрибуција на печатени и електронски информации за актуелни процеси за креирање, имплементација на тековни локални настани, проекти, и политики<br>- Поднесување на приоритети од страна на жени | 2023 | КЕМ<br>Институции<br>НВО<br>донатори | 20.000 | Број на вклучени МЗ<br>Број на настани<br>Број на вклучени жени по настан<br>Број на поднесени приоритети<br>Број на усвоени приоритети |
| | | | | | | |
| | **Зголемување на довербата кај граѓаните во надлежните институции во однос на родово базирано насилство** | | | | | |
| 1 | Едукација на вработените во локалните институции за навремено препознавање на формите на родово базирано насилство во Општина Радовиш, | Спроведување на истражување утврдување на компетентноста за препознавање на родово базирано насилство на кадрите од надлежните институции во Радовиш<br>-Подготовка на план за спроведување на едукација за кадрите од надлежните институции<br>-Избор место на одржување | 2023 | КЕМ<br>НВО<br>Донатори | 20.000 | -Број на спроведени истражувања<br>-Број на спроведени обуки<br>-Број на вработените во локалните институции |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | -Техничка помош<br>-Избор на едукатор<br>-Спроведување на едукација /трибини, работилници/ | | | | кои биле вклучени во едукативните настани |
| 2 | Организирање на трибини/ едукативни предавање за ученици за спречување на врсничко насилство (булинг),опасноста од насилството на интернет(сајбер насилство) и обуки за медиумска писменост | Трибини/предавања | 2023 | КЕМ<br>СОУ Коста Сусинов<br>Сите Основни училишта<br>Преставник од МВР<br>Центар за поддршка на жени | 10.000 | Број на обуки<br>Број на ученици кои учествувале во едукациски програми |
| 3 | Одбележување на 16 дена активизам за борба против насилството | Трибини/предавања<br>Флаери | Ноември/декември 2023 | КЕМ<br>НВО<br>Центар за поддршка на жени | 10.000 | Број на настани<br>Број на учесници<br>Број на флаери |
| 4 | Развиен предлог за формирање на мултисекторско тело за планирање и следење на мерките за превенција и заштита од родово базирано насилство во општина Радовиш и Конче | -Формирано мултисекторско тело<br><br>-Усвоени процедури за работа на Мултисекторско тело<br>- Воспоставување соработка со МСТ - Струмица | Октомври/Декември 2023 | НВО<br>КЕМ<br>Центар за поддршка на жени | 15.000 | Број на институции што го подржале предлогот за формирање МТ<br><br>Број на членови кои прифатиле да членуваат во МТ кои работат со жртви на насилство;<br>Број на усвоени процедури<br>Број на средби |

| **Р.бр.** | **Активности** | **Опис на активности** | **Време на реализација** | **Носители на реализација** | **БУЏЕТ** | **Индикатори** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | |
| | **Економско јакнење на жената** | | | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Информативно- едукативна кампања за промоција на можностите за економска независност и зајакнување на жените преку намалување на стапката на невработеност кај жените за поголемо искористување на правата и можностите што ги нудат надлежните институции | Отворени денови<br>Подготовка на промотивен материјал<br>Работилници | | КЕМ<br>АВРМ<br>НВО | 10.000 | Број на предавачи<br>Број на посетители<br>Број на промотивни материјали<br>Број на обуки и број на учесници |
| | **Институционален развој и организациско јакнење на Комисијата за еднакви можности во Општина Радовиш** | | | | | |
| 1 | Водење родово разделена статистика за вработените во општинските институции | Развиени модули за прибирање родово разделени податоци<br><br>Дата база на родово поделена статистика<br><br>Обуки спроведени за обработка на податоците | март-јуни<br><br>февруари-јуни<br><br>јуни-септември | КЕМ<br>Институции<br>НВО | 5.000 | Изработка на база за родова статистика<br>Број на собрани податоци<br>Број на обуки<br>Број на обучени лица |
| | Изработка на годишна Програма за работа на КЕМ за 2024 до крајот на ноември 2023 | Анализа на постоечките документи и законска регулатива<br>Работилница за изготвување на нацрт -Програма за работа на КЕМ на Општина Радовиш | Октомври/ноември 2023 | КЕМ<br>Совет на ОР<br>НВО | 10.000 | Изработена Годишниа програма за работа на КЕМ |

**Вкупно 100.000,00 денари (стоилјадиденари)**

III. ФИНАНСИРАЊЕ

Финансирањето на активностите утврдени со оваа Програма ќе биде обезбедено од донации и средства од Буџетот на Општина Радовиш.
За активностите од областите, што не ги опфаќа Програмата, а кои со својата актуелност, квалитет и општествен интерес ќе се појават дополнително во текот на 2023 година, ќе бидат предвидени дополнителни финансиски средства во Буџетот на Општина Радовиш.

IV. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Предлагач на Програмата е Комисијата за еднакви можности при Советот на Општина Радовиш.
Одговорни субјекти за имплементација на оперативниот план за 2023 година се Комисијата за еднакви можности при Советот на општина Радовиш и координаторот за еднакви можности. Нивна обврска и одговорност е да креираат, иницираат и организираат реализација на политики, активности и проекти согласно Локалниот акционен план за родова рамноправност, да предлагаат усвојување и да ја менаџираат реализацијата на мерки кои ќе придонесат за унапредување на односите во оваа сфера.

Програмата влегува во сила 8(осмиот) ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Радовиш"

Број 08-1600/2 Совет на општина Радовиш
Дата 30.10.2023 г. Претседател
Радовиш Моника Трајанова с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоупава(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш,

Градоначалникот на општина Радовиш донесува

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување
на Програма за измена и дополнување на програмата за активностите на Општина Радовиш во областа на заштитата и спасување и месна самоуправа во 2023 година бр.08-1922/2 ОД 20.12.2022 г.

Ја прогласувам и објавувам програмата за измена и дополнување на Програма за активностите на Општина Радовиш во областа на заштитата и спасување и месна самоуправа во 2023 година бр.08-1922/2 ОД 20.12.2022 г., бр.08-1601/1,
што советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на 30.10.2023 година.

Број 09- 1601/2 Градоначалник
Дата 03.11.2023 г. на Општина Радовиш
Радовиш Ацо Ристов Digitally signed

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа(Сл.Весник на РМ 5/02) и член 21 став 1 точка 11 од Статутот на општина Радовиш ( Службен гласник бр. 05/02 )
Советот на Општина Радовиш на XXXVII седницата одржана на ден 30.10.2023 година, донесе:

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА РАДОВИШ ВО ОБЛАСТА НА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ И МЕСНА САМОУПРАВА ВО 2023 год. БР. 08-1922/2 ОД 20.12.2022 г.**

- Се менува и дополнува ПРОГРАМАТА ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА РАДОВИШ ВО ОБЛАСТА НА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ И МЕСНА САМОУПРАВА ВО 2023 год. со Бр.08-1922/2 од 20.12.2022 година, што ја донесе Советот на општина Радовиш на седница оджана на ден 20.12.2022 г.

**ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ**

**I. Вовед**

Општина Радовиш во оваа програма ги утврдува мерките и активностите согласно законските норми, кои се предвидени за заштита и спасување на луѓето и материјалните добра од природни непогоди, епидемии, епизотии, епитофити и други несреќи во мир,во војна и од воени дејствија на подрачјето на нашата општина. Во програмата се опфатени мерки и активности кои заедно со други надлежни субјекти ги спроведува општина Радовиш и финансиска рамка за остварување на истите за 2023 година.

**II. Цели**

Системот за заштита и спасување се остварува преку Закон за заштита и спасување кој опфаќа набљудување, откривање, известување, спречување, следење, едукација, организирање на сили,мобилизирање,укажување за самопомош,отстранување на последици, давање и пружење помош при настанати катастрофи и несреќи.Според тоа, се утврдуват и обврските на јавните претпријатија,установи и служби од локален карактер со цел:

- Заштита и спасување на луѓето и материјалните добра од природни непогоди и други несреќи ;
- Заштита и спасување на луѓето,материјалните добра,природни богатства, културни наследства од катастрофи и несреќи во мирновременски,вонредни,воени и други опасности;
- Создавање на услови за организирано остварување и реализирање на заштита и спасување на луѓето и материјалните добра ;
- Обезбедување на услови за навремено откривање и известување за опасност, локализирање и спречување на опасност ;
- Обезбедување на услови и можности за организирање,опремување и координација на силите за заштита и спасување за справување со опасностите од кои ќе биде зафатена нашата општина и координација со надлежни институции .

**III. Активности**

За реализирање,функционирање и остварување на основните цели на оваа Програма,
потребно е активностите на општина Радовиш, да бидат насоченио кон создавање на максимални услови во доменот на областа заштита и спасување на граѓаните од сите видови несреќи во мирновременски и воени дејства.
Главните активности ќе се однесуваат на :

- Ажурирање на податоци на Процена за загрозеност од опасност,Планот за заштита и спасување од природни непогоди,епидемии,епизотии,епитофити и други несреќи и Општински оперативни планови за заштита од пожар,снег и снежни немети и поплави и уривање на високи брани и останати документи од областа на одбраната;
- Преземање на мерки и активности насочени кон критичните точки и загрозеност на подрачјата на општина Радовиш, во однос на урбанистичко -инфраструктурно

превенирање на опасности и санирање на штети ;
- Набавка на техничка опрема за силите за заштита и спасување ;
- Едукација и обука на Општински штаб за заштита и спасување ;
- Подобрување на условите за работа во ТППЕ Радовиш;
- Обуки и вежбовни активности на ТППЕ Радовиш со цел подобра функционалност и подготвеност;
- Подигање на јавната свест на граѓаните преку информирање за заштита од пожари и поплави (известување преку веб портал и локален медиум)
- Континуирана соработка со надлежните институции во справување со опасности особено со Полиција, Дирекција за заштита и спасување,Центар за управување со кризи,Министерство за одбрана.
- Зајакнување и проширување на соработка преку меѓународната подршка во заедннички проекти во областа на заштита и спасување со други општини (држави).

**IV. Финансирање**

Финансирањето од областа на заштита и спасување се реализира од:
- Средства од буџетот на Општина Радовиш
- Средства од меѓународни фондации,правни и физички лица

| Р.б. | Планирани активности | Период на реализација | Извор на финансирање | Планиран и средства | Реализација во 2023 | Износ со втор ребаланс 2023 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Набавка на зимска униформа за ТППЕ за 20 лица | Февруари/ Март | Буџет на општина Радовиш | 400.000,00 | Нереализирано (нема одобрение за реализација) | - 400.000,00 |
| 2. | Набавка на интервентни униформи за ТППЕ за 4 лица | Февруари/ Март | Буџет на општина Радовиш | 320.000,00 | Нереализирано (поради два пати зголемена вредноста на униформите од планираните суми, истите се набавуват од Р.Хрватска) | - 320.000,00 |
| 3. | Ормар за прва помош со комплет средства | Март | Буџет на општина Радовиш | 10.000,00 | Нереализирана вредност ( тендерска постапка е поништена поради добиена повисока сума на средства, но набавен е ормар за прва помош од страна на Општина Радовиш) | - 10.000,00 |
| 4. | Колективно осигурување на пожарникари (Осигурување од ризик од смрт,повреда иинвалидност при вршење на работа) | Април | Буџет на општина Радовиш | 30.000,00 | Реализирано | - 14.445,00 |
| 5. | Електрична енергија | 2023 | Буџет на општина Радовиш | 220.000,00 | Утврдено е дека ТППЕ не добива сметки за потрошена елек.енергија,освен една сметка досега,броилото се отчитува и | - 182.132,00 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | износот се пресметува во вкупната потрошена елек.енергија на општинската зграда | |
| 6. | Дрва | 2023 | Буџет на општина Радовиш | 150.000,00 | | |
| 7. | Телефон и телефакс | 2023 | Буџет на општина Радовиш | 40.000,00 | | |
| 8. | Гориво | 2023 | Буџет на општина Радовиш | 250.000,00 | Потребно дополнителни средства поради зголемена потрошувачка на гориво при извршување на интервенции | + 50.000,00 |
| 9. | Регистрација на возила | 2023 | Буџет на општина Радовиш | 40.000,00 | | |
| 10. | Други оперативни расходи | 2023 | Буџет на општина Радовиш | 40.000,00 | | |
| **Вкупно средства** | | | | **1.500.000 денари** | | **- 876.577,00 денари** |
| | | **Дополнително предвидени средства во Програма за уредување на градежно земјиште за потреби од областа Заштита и спасување** | | | | |
| 1. | Средства потребни за реализирање на редовно чистење на речните корита | 2023 | Буџет на општина Радовиш | | | |
| 2. | Средства за санирање на штети предизвикани од природни непогоди | 2023 | Буџет на општина Радовиш | | | |

**Забелешка: Средствата од дотации од Министерството за одбрана ќе бидат распоредени за 8 пожарникари вработени во ТППЕ Радовиш.**

Со спроведувањето на планираните активности и обезбедување на опрема ,ќе се обезбеди непречено функциониорање на субјектите за заштита на граѓаните во услови на природни непогоди и други несреќи. Спроведувањето на оваа програма е во надлежност на Градоначалник на општина Радовиш со средства од буџетот на општината и евентуална можност за учество во меѓународни проекти со подготвена финансиска рамка од истите и донации.
Општина Радовиш со Дирекција за заштита и спасување п.о.Радовиш,Центар за управување со кризи п.о.Радовиш, Министерство за одбрана п.о.Радовиш, Сектор за урбанизам, комунални дејности, заштита на животна средина и ЛЕР и останати надлежни органи и тела,активно ќе учествува во следење и реализирање на оваа програма, со покренување на иницијативи,давање на мислења и предлози за остварување на програмските цели .

## МЕСНА САМОУПРАВА

### I. Вовед

Месната самоуправа како дел од Законот за локална самоуправа е утврдена и поблиску определена со Статут на општина, одлука за основање,Правила за работа со месни и урбани заедници основани на подрачјето на општина Радовиш и делегирани надлежности од Градоначалник.Истата од 2002 година не е повеќе правно лице со измени во законските прописи и нема своја жиро с-ка.

### II. Цели

Граѓаните во општината ги основаат месните и урбани заедници за остварување на уставното право на месна самоуправа,како облик на изразување на нивниот заеднички интерес и придонес во решавање на секојдневните потреби, во непосредна околина на подрачјето за кое тие се основани и вклучување во системот на одлучување во локалната самоуправа и ангажирањево спроведувањето на заеднички донесените одлуки.Граѓаните во месната самоуправа расправат,предлагат,барат од општината од областа на :

- Комунални дејности
- Заштита на животна средина
- Урбанистичко уредување на простор
- Јавен превоз на патници
- Образование,здравство и социјалан заштита
- Културни,забавни и спортски манифестации и одржување на објекти од јавенинтерес
- Развивање на добрососедски односи
- Други прашања од секојдневно значење за животот и работата на граѓаните.

### III. Активности

Подршка во работата на месната и урбана заедница се обезбедува со подршка од општинска администрација задолжена за работа со месна самоуправа.Подршката се обезбедува и преку дополнителни контакти на општинската администрација со контакти и со други надлежни органи, со цел решавање на тековните проблемите со кои се соочуват граѓаните.
Финансирањето на потребите на граѓаните, во месната самоуправа ,се реализират преку достава на програма односно приоритетни потреби до крајот на календарската година за нејзино вградување во буџетот на општината за наредната година од соодветните сектори.
Работата на месната самоуправа во општина Радовиш е на високо ниво, поради фактот на употреба на печат на соодветната заедница и избор на Претседател и совет на истата во

преземање на работни задачи во нивна делегирана надлежност.

Граѓаните на урбани и месни заедници во општина Радовиш можат да добијат одредени акти, за остварување на своето право пред други установи но и европски држави.

Актите се однесуват на финансиска издршка на граѓаните од нивни блиски луѓе востранство,во судски постапки,катастарски барања,документи во странство,

фондови, стипендии и сл.

Соработката со месни и урбани зедници потребно е да биде интензивна и целисходна, насочени кон подигање на капацитетот за системско функционирање во локалната самоуправа.

| Р.б. | Планирани активности | Период на реализација | Извор на финансирање | Планирани средства | Реализација во 2023 | Износ со втор ребаланс 2023 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Техничка и логистичка поддршка на работата на урбаните и месните заедници | 2023 | Буџет на општина Радовиш | 100.000,00 | Реализирано (плаќање на заостанат долг за потрошена електрична енергија на просторија на МЗ„Извор" с.Калуѓерица) | - 84.826,00 |

Програмата влегува во сила 8(осмиот) ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Радовиш".

Број 08-1601/1 Совет на општина Радовиш
Дата 30.10.2023 г. Претседател
Радовиш Моника Трајанова с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоупава(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш,

Градоначалникот на Општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
за прогласување и објавување
на Одлука за прифаќање на Иницијатива
за трајна експропријација

Ја прогласувам и објавувам одлуката за прифаќање на Иницијатива за трајна експропријација, бр.08-1602/1

што советот на Општина Радовиш ја донесе на седница одржана на 30.10.2023 година.

Број 09-1602/2 Градоначалник
Дата 03.11.2023 г. на Општина Радовиш
Радовиш Ацо Ристов Digitally signed

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на Р.М. бр.05/02), член 21 од Статутот на Општина Радовиш, а во врска со член 7, член 9 став 2, член 26 и член 27 од Законот за експропријација („Службен весник на РМ"бр.95/12, 131/12, 24/13, 27/14, 104/15, 192/15, 23/16 и 178/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 122/21 и 111/23),

Советот на Општина Радовиш на XXXVII седницата одржана на ден 30.10.2023 година, донесе:

ОДЛУКА
ЗА ПРИФАЌАЊЕ НА ИНИЦИЈАТИВА ЗА ТРАЈНА ЕКСПРОПРИЈАЦИЈА

**Член 1**

Се прифаќа Иницијативата бр.09-1126/1 поднесена на 10.07.2023г. и Дополнувањето на иницијативата бр.26-1126/3 поднесено на 20.09.2023г. до Општина Радовиш од Друштво за производство и продажба СОЛ ГРУП 5 ДОО Скопје.

**Член 2**

Се задолжува Општина Радовиш да го извести подносителот за прифатената иницијатива со цел истиот да депонира средства на депозитна сметка на општина Радовиш во рамки на трезорската сметка, во висина на проценетата вредност на недвижноста која треба да се експроприра, согласно Извештај за извршена проценка на недвижен имот со број Н5/23 од 14.09.2023г. добиен од овластените проценители ДПУТ ВЕРСАНД увоз – извоз ДООЕЛ Радовиш.

**Член 3**

Бидејќи станува збор за објект од јавен интерес од локално значење, се задолжува Општина Радовиш заедно со целокупната потребна документација да поднесе предлог до органот на државната управа надлежна за имотно-правни работи за потполна експропријација на приватното земјиште во површина од 630 м$^2$, што претставува: КП бр.1170/2 во површина од 8 м$^2$ формирана од КП бр.1170, запишана во Имотен лист бр.2 КО Раклиш вон град, сосопственост на Ленка Муровска од с.Раклиш 1/4, Маре Јанева од с.Раклиш 1/4, Рахилка Николова од с.Раклиш 1/4 и Рушка Наковска со адреса на ул.„Никола Тесла“ бр.18/2/38 Карпош – Скопје 1/4; КП бр.1171/2 во површина од 47 м$^2$ формирана од КП бр.1171, запишана во Имотен лист бр.11527 КО Раклиш вон град, сосопственост на Дејан Наков со адреса на ул.„Дојранска“ бр.14 Радовиш 1/2 и Мирко Наков од с.Раклиш 1/2; КП бр.1172/2 во површина од 573 м$^2$ формирана од КП бр.1172, запишана во Имотен лист бр.977 КО Раклиш вон град, сопственост на Билјана Тимова со адреса на бул.„Александар Македонски“ бр.21/1/13 Радовиш; и КП бр.1174/2 во површина од 2 м$^2$ формирана од КП бр.1174, запишана во Имотен лист бр.11655 КО Раклиш вон град, сосопственост на Горанчо Јанев со адреса на бул.„Александар Македонски“ бр.3/2/8 Радовиш 1/3, Димитар Јанев со адреса на ул.„Готен“ бр.6 Радовиш 1/3 и Илија Митев со адреса на ул.„Готен“ бр.6 Радовиш 1/3, сите означени во Геодетскиот елаборат за геодетски работи за посебни намени за КО Раклиш вон град, со бр.0801-219/23 од 18.09.2023г. изработен од ТДГР ГЕОПРОЕКТ ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ - Скопје, а заради реализација на новопланиран пристапен пат согласно Извод од Одобрен Урбанистички проект бр.12/2023 со арх.бр.21-3412/3 од 28.07.2023г. издаден од Министерство за транспорт и врски.

**Член 4**

Надоместокот за експропријација на опишаната недвижност во претходниот член од оваа Одлука, се обезбедува на начин опишан во член 2.

Во случај на определување на повисок надоместок за експроприраната недвижност од депонираниот износ на наменската сметка, подносителот на иницијативата е должен да ја надомести разликата до вредноста на определениот надоместок за експроприрантата недвижност.

Доколку утврдениот надоместок за експроприраната недвижност е понизок од депонираниот, во тој случај остатокот од депонираните средства да му се враќаат на подносителот на иницијативата.

**Член 5**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Радовиш“.

Број 08-1602/1 Совет на општина Радовиш
Дата 30.10.2023 г. Претседател
Радовиш Моника Трајанова с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоупава(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш,

Градоначалникот на Општина Радовиш донесува

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување
на Одлука за усвојување на „Урбанистичка ревизија за општина Радовиш„
и Урбанистичка ревизија за општина Радовиш

Ја прогласувам и објавувам одлуката за усвојување на „Урбанистичка ревизија за општина Радовиш„ бр.08-1603/1 и Урбанистичка ревизија за општина Радовиш бр.08-1603/2

што советот на Општина Радовиш ѓи донесе на седница одржана на 30.10.2023 година.

Број 09-1603/3 Градоначалник
Дата 03.11.2023 г. на Општина Радовиш
Радовиш Ацо Ристов Digitally signed

# УРБАНИСТИЧКА РЕВИЗИЈА ЗА ОПШТИНА РАДОВИШ



Изработил:
Одделение за локален економски развој
Општина Радовиш

Јули,2023

Овој документ е изработен согласно Методологија за урбанистичка ревизија подготвена во рамки на Проектот на УСАИД за Зајакнување на капацитети за искористување на ресурсите.

1. РЕГИОНАЛНОТО ОПКРУЖУВАЊЕ ....... 3
2. УРБАНИСТИЧКА ПОСТАВЕНОСТ И ОРГАНИЗАЦИЈА НА ОПШТИНАТА ....... 10
3. ТРЕНДОВИ И ПРОЕКЦИИ НА НАСЕЛЕНИЕТО ....... 18
4. ОПШТИНСКА ЕКОНОМИЈА ....... 23
5. ОПШТИНСКИ УСЛУГИ, СРЕДСТВА, ОДРЖУВАЊЕ ....... 29
6. НЕДОСТАТОЦИ И ПОТРЕБИ ....... 43
7. ПРОЕКТИ ЗА УРБАН РАЗВОЈ, СКОРЕШНИ И ИДНИ ПРОЕКТИ ....... 45
8. ПРЕДЛОЖЕНИ ПРОЕКТИ, ИЗБОР, КОНСУЛТАЦИИ ....... 50
9. ПЈИ АЛОКАЦИЈА И РАСПОРЕД НА ИНВЕСТИЦИИ ....... 58

## 1. РЕГИОНАЛНОТО ОПКРУЖУВАЊЕ

**Општината во регионалното опкружување**

Градот Радовиш за првпат се споменува во 1019 г. во Грамотата на византискиот цар Василиј II, а така се викала и средновековната жупа, што покажува дека градската функција потекнува од средниот век. Во тоа време Радовиш претставувал значаен регионален трговско-занаетчиски и рударски центар.

Радовиш е лоциран во југоисточниот дел на територијата на Република С. Македонија и е втор по големина град во Југоисточниот регион, сместен во подножјето на планината Плачковица и северниот дел на Струмичко-Радовишката котлина. Магистралниот пат М6 Штип - Радовиш - Струмица претставува главна врска на градот.

Територијата на Југоисточниот регион се простира помеѓу планинскиот масив на север и североисток со Плачковица, на југоисток со Струмичко Поле, југозапад со пл. Смрдеш и северозапад со клисурата на Маденска река.




*Слика 1: Општина Радовиш*




*Слика 2:Населени места во Општината*

Југоисточниот регион е еден од осумте статистички и плански региони на Р.С.Македонија. Овој регион се наоѓа во југоисточниот дел на државата и се граничи со Бугарија на исток и Грција на југ и внатрешно

со Вардарскиот и Источниот регион. Регионот ги опфаќа Струмичко-Радовишката и Гевгелиско-Валандовската котлина, односно сливното подрачје на Струмичката река и долното сливно подрачје на реката Вардар. Неговата површина е 2835 квадратни километри или 10,9 проценти од територијата на Република С.Македонија.

Го сочинуваат вкупно 10 општини: Општина Богданци, Општина Босилово, Општина Валандово, Општина Василево, Општина Гевгелија, Општина Дојран, Општина Конче, Општина Ново Село, Општина Радовиш и Општина Струмица, со вкупен број од 148 387 жители и густина на населеност од 54,2 жители на км².

**Регионалната економија и границите на околината на општината**

Регионалната политика станува се поважна во социоекономскиот развој на државата. Главна цел на регионалната политика е намалување на разликите во природните, економските, демографските, социјалните и инфраструктурните карактеристики на општините во државата.

| Основни податоци за Југоисточен регион | |
|---|---|
| Број на општини | 10 |
| Број на населени места | 188 |
| Вкупно население, Попис 2021 | 148 387 |
| Густина на населението, Попис 2021 | 54.2 |
| Вкупен број на домаќинства, Попис 2021 | 52 537 |
| Просечен број на членови по домаќинство, Попис 2021 | 2.8 |
| Вкупен број на станови, 2021 | 74 588 |
| Живородени,2021 | 1 283 |
| Умрени, 2021 | 2 483 |
| Природен прираст, 2021 | - 1 200 |
| Доселени од други држави, 2021 | 131 |
| Отселени во други држави, 2021 | 100 |
| Стапка на активност, 2021 | 64.7 |
| Стапка на вработеност, 2021 | 62.3 |
| Стапка на невработеност, 2021 | 3.8 |
| Просечна исплатена бруто- плата по вработен, 2021 | 34 160 |
| Просечна исплатена нето-плата по вработен, 2021 | 22 961 |
| Број на основни училишта, 2021/2022 | 117 |
| Број на средни училишта, 2021/2022 | 8 |
| Запишани ученици во основното образование, 2021/2022 | 13 758 |
| Запишани ученици во средното образование, 2021/2022 | 4 559 |
| Број на дипломирани студенти, 2021 | 369 |
| Број на активни деловни субјекти, 2021 | 5 813 |
| Број на новосоздадени претпријатија, 2019 | 371 |
| Број на згаснати претпријатија, 2019 | 411 |
| Број на згаснати претпријатија, 2018 | 418 |
| БДП по жител, 2020 | 339 868 |
| Број на легла, 2021 | 6 727 |
| Број на туристи, 2021 | 121 687 |
| Број на ноќевања, 2021 | 458 289 |
| Број на изградени станови, 2021 | 464 |
| Вредност на извршените градежни работи, 2021, во илјади денари | 2 999 687 |
| Број на издадени одобренија за градење, 2021 | 399 |

Поради специфичната географска и топографска положба Југоисточниот регион го карактеризираат долги топли лета со високо среднодневни температури и намалено годишно количество врнежи, намалени зимски температури и појава на ветрови од сите правци. Со околу 230 сончеви денови годишно овој регион е најсончев во земјата.

Ваквите климатски услови се поволни за развој на земјоделството. Квалитетното и обемно производство на раноградинарски култури, свеж зеленчук и овошје, како и индустриски земјоделски култури, овозможува развој на конзервно-преработувачката индустрија на земјоделски производи, по што овој регион е препознатлив.

Југоисточниот регион располага со 115.247 (ха) земјоделска површина со вкупна обработлива површина од 60.473 (ха). Земјоделската површина во Југоисточниот регион изнесува 9.14% од вкупната земјоделска површина во Република С. Македонија. Според површините пак под лозја, Југоисточниот регион со 6.137 (ха), односно 25,8%, се наоѓа на второ место после Вардарскиот регион.

Други значајни сектори се текстилната индустрија, тутунската, градежништвото, угостителството и трговијата. Иако доминира индустријата, со исклучително динамичниот раст сѐ позначајно учество имаат услугите, градежништвото и земјоделството. Во овој регион се креираат најголем број нови работни места чиј генератор се градежништвото, услугите и индустријата.

Во последните години е забележлив тренд на пораст на туризмот како стопанска гранка, претставен преку зголемувањето на бројот на сместувачките капацитети,туристите и ноќевањата во регионот. Ова најмногу се должи на ревитализацијата и искористувањето на Дојранското Езеро како туристички потенцијал, како и на големиот број историски локалитети и објекти.

Според бројот на легла Југоисточниот регион се наоѓа на четврто место после Југозападниот, Пелагонискиот и Скопскиот регион со 6.727 легла, а со 458.289 ноќевања учествува со 19,8 % во вкупниот број на ноќевања во Република С. Македонија.

Овој регион е богат и со природни ресурси. Микро-регионот Радовиш и Конче се карактеризира со наоѓалишта на минерални неметални суровини како што се кварцот и глината. Од минералните метални суровини, во општина Радовиш се среќаваат железо и цинкова руда, бакар, злато, сребро, хром, ураниум, а во општина Конче се среќаваат варовник, мермери бакар. Во Струмичкиот микрорегион, рудникот за експлоатација на фелдспад „Хамзали“, е од натриски карактер и е единствен во Република С. Македонија и на Балканот. Рудникот за експлоатација на СаСО3 „Мемешли“ е наоѓалиште кое во основа претставува мермеризиран варовник, и е едно од ретките во Република С. Македонија. Испитувања се вршат на планината Огражден во непосредна близина на

населеното место Иловица, каде постојат индикации за потенцијални наоѓалишта на руда (бакар и злато).

Регионот исто така располага и со термоминерален хидропотенцијал. На околу 12 км југоисточно од градот Струмица, под планината Беласица се наоѓаат термоминералните извори на Бања Банско. Од вкупно пет термоминерални извори, само еден и тоа најголемиот, е стручно каптиран. Останатите четири слободно се изливаат без посебна каптажа.

Од водените ресурси со кои располага Југоисточниот регион можат да се издвојат Смоларскиот водопад со височина од 39,5 метри и Колешинскиот водопад со височина од 15 м, и двата во Општина Ново Село. Исто така, регионот располага и со повеќе вештачки езера меѓу кои „Мантово" во општина Конче, „Турија" и „Водоча" во Општина Струмица и „Пањурци" во Општина Богданци.
Природното Дојранско Езеро во Општина Дојран пак е едно од најубавите природни ресурси во нашата земја.

Преку искористување на своите предности, надминување на слабите страни и искористување на можностите Југоисточниот регион продолжува да се развива во регион кој е посакуван за живеење и инвестирање.

Карактеристично за регионот е тоа што во 2021 година стапката на вработеност беше највисока во однос на останатите региони и изнесуваше 62.3.

| Просечна исплатена бруто-плата по вработен, 2021 година | |
|---|---|
| Просечна исплатена бруто-плата, во денари | 34 160 |
| Земјоделство, шумарство и рибарство | 30 297 |
| Преработувачка индустрија | 30 369 |
| Снабдување со вода; отстранување на отпадни води, управување со отпад и дејности за санација на околината | 29 827 |
| Градежништво | 33 091 |
| Трговија на големо и трговија на мало; поправка на моторни возила и мотоцикли | 32 870 |
| Транспорт и складирање | 28933 |
| Објекти за сместување и сервисни дејности со храна | 25 573 |
| Информации и комуникации | 58 846 |
| Финансиски дејности и дејности на осигурување | 56 569 |
| Стручни, научни и технички дејности | 34 389 |
| Административни и помошни услужни Дејности | 32 474 |
| Јавна управа и одбрана; задолжително социјално осигурување | 40 287 |
| Образование | 38494 |
| Дејности на здравствена и социјална заштита | 41 659 |
| Уметност, забава и рекреација | 36 051 |

Од аспект на развиеност на патната мрежа, сите плански региони се релативно добро покриени со магистрални и регионални патишта.

Развиеноста на магистралната и регионалната патна мрежа е особено добра, односно само уште мал број на патни правци не се изградени. Меѓутоа, квалитетот на постојната магистрална и регионална патна мрежа е доста различен. Поради фокусираноста на развојот на патните правци кои припаѓаат на

европските коридори, дел од магистралните и регионалните правци се во лоша состојба и не овозможуваат соодветно поврзување на некои од регионалните центри со главните сообраќајници. Со исклучок на Скопскиот, Вардарскиот и Полошкиот плански регион, во сите други региони состојбата на поголемиот дел од главните магистрални и регионални правци не е во согласност не само со барањата за економски развој, туку и со стандардите за безбедно одвивање на сообраќајот. Неколку делници на магистралните патишта се во исклучително лоша состојба и тоа пред сè поради фактот дека се изградени пред 30-40 години и не се соодветно одржувани и навремено реконструирани.

Во однос на патната мрежа - Југоисточниот регион располага со најмала должина на локална патна мрежа од 778 км во однос на Полошкиот регон кој располага со локална патна мрежа од 1.595 км. Југоисточниот регион има поволна географска локација- близина на границата со две земји членки на ЕУ (Република Бугарија и Република Грција).

Патната мрежа во регионот е просечно развиена, а состојбата на дел од магистралните патишта и дел од регионалните патишта е оценета како лоша. Составот на локалната патна мрежа е лоша поради слабите инвестиции и недостатокот на финансиски средства.

Во прегледот подолу се наведени сите патишта што се наоѓаат во Југоисточниот регион.

Табела 3.3. А – Патишта (автопатишта, експресни патишта, магистрални патишта)

| Ред. бр. No. | Ознака Name | Релација Route |
|---|---|---|
| 1 | A1 | Граница со Р. Србија (ГП „Табановце")-Куманово-Велес-Неготино, Демир Капија-Гевгелија-граница со Р. Грција (ГП „Богородица") и делница Градско-Прилеп (врска со А2) |
| 2 | A4 | Граница со Р. Косово (ГП „Блаце")-раскрсница Стенковец-обиколница Скопје-Петровец-Миладиновци-Свети Николе-Штип-Радовиш-Струмица-граница со Р. Бугарија (ГП „Ново Село") |

Табела 3.4. Р1 – Регионални патишта

| Ред. бр. No. | Ознака Name | Релација Route |
|---|---|---|
| 1 | P1103 | Граница со Р. Србија (ГП „Табановце")-Куманово-Велес-Неготино, Демир Капија-Гевгелија-граница со Р. Грција (ГП „Богородица") и делница Градско-Прилеп (врска со А2) |
| 2 | P1102 | Граница со Р. Косово (ГП „Блаце")-раскрсница Стенковец-обиколница Скопје-Петровец-Миладиновци- Свети Николе-Штип-Радовиш-Струмица-граница со Р. Бугарија (ГП „Ново Село") |
| 3 | P1105 | Давидово (врска со Р1102)- Удово (врска со А1)-Валандово-Раброво-Дојран-граница со Р. Грција (Сретеново) и делница Стар Дојран-граница со Р. Грција (Николиќ) |
| 4 | P1108 | Гевгелија (врска со Р1102)-Миин-Конско-Смрдлива Вода-СЦ „Кожув" |
| 5 | P1109 | Гевгелија (врска со А1)-Богданци- Фурка (врска со Р1105) |
| 6 | P1302 | Делчево (врска со А3)-Пехчево-Берово-Дабиле (врска со А4) |
| 7 | P1310 | Радовиш (врска со А4)-Подареш-Владимирово (врска со Р1302)-Берово-граница со Р. Бугарија (ГП „Клепало") |

| | | |
|---|---|---|
| 8 | P1401 | Струмица (врска со А4)-Раброво-Валандово-Балинци-Марвинци (врска со А1) |
| 9 | P1402 | Куклиш (врска со P1401)-Банско-Ново Конарево (врска со А4) |
| 10 | P1403 | Врска со А4-Радовиш-Владевци-Василево-Струмица (врска со А4) |

Табела 3.5. P2 – Регионални патишта

| Ред. бр.<br>No. | Ознака<br>Name | Релација<br>Route |
|---|---|---|
| 1 | P2431 | Радовиш (врска со P1310)-Плачковица-Аргулица (врска со P2334) |
| 2 | P2432 | Струмица (врска со А4)-Вељуса-Василево (врска со P1403) |
| 3 | P2433 | Радовиш (врска со А4)-Конче-Загорци-Лесковица (врска со P1103)-Селце-Софилари (врска со А4) |
| 4 | P2434 | Врска со P1401-Рич-врска со P2433 |

Табела 3.6. P29 – Регионални патишта

| Ред. бр.<br>No. | Ознака<br>Name | Релација<br>Route |
|---|---|---|
| 1 | P29177 | Врска со А1 – Миравци |
| 2 | P29471 | Подареш (врска со P1310)-Јаргулица-Покрајчево-Злеово-Радичево (врска со А4) |

## Демографија

Развојот на населението во Република С. Македонија се карактеризира со драстично намален природен прираст и силен пораст на емиграцијата во странство. Ваквите промени предизвикаа значително намалување на порастот на населението и поместувања во неговата демографска и социо-економска структура, особено во регионални размери. Имајќи ги предвид долгорочните импликации од развојот на населението овие промени во голема мера ќе го детерминираат и идниот регионален развој во земјата.

Според податоците од Пописот 2021 година, во Регионот живеат 148 387 жители или околу 8 % од вкупното население во Република С. Македонија.

| Југоисточен Регион | |
|---|---|
| Вкупно население | 148 |
| мажи | 74 |
| жени | 73 |
| Густина на населението* | 54.2 |
| Население на возраст 0-14 (%) | 15.8 |
| Население на возраст 65+ (%) | 18.9 |
| Коефициент на староснa зависност | 53.1 |
| На 1000 население | |

| | |
|---|---|
| живородени | 8.6 |
| умрени | 16.7 |
| бракови | 6.9 |
| разводи | 1.6 |
| Стапка на смртност на доенчињата | 4.7 |
| Вкупна стапка на фертилитет | 1.5 |
| Просечна возраст на: | |
| населението | 42.4 |
| мајката при раѓањето на прво дете | 25.8 |
| невестата при прв брак | 25.4 |
| умрените | 73.8 |

¹Густината на населението е пресметана според копнената површина

Демографските показатели на регионално ниво покажуваат разлики што укажуваат на диспропорции во територијалната дистрибуција на населението. Најгусто населен е Скопскиот, а најретко населен е Вардарскиот Регион.

| | Северна Македонија North Macedonia | Вардарски Регион Vardar Region | Источен Регион East Region | Југозападен Регион Southwest Region | Југоисточен Регион Southeast Region | Пелагониски Регион Pelagonia Region | Полошки Регион Polog Region | Североисточен Регион Northeast Region | Скопски Регион Skopje Region | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно население | 1836713 | 138 722 | 150 234 | 177 398 | 148 387 | 210431 | 251 552 | 152 | 607 007 | Total population |
| мажи | 911087 | 69 875 | 75 111 | 88 365 | 74405 | 104982 | 124 177 | 76 | 297 330 | male |
| жени | 925 626 | 68 847 | 75 123 | 89 033 | 73982 | 105 449 | 127 375 | 76 | 309 677 | female |
| Густина на населението¹ | 73.7 | 34.3 | 42.5 | 53.1 | 54.2 | 44.6 | 104.1 | 66.2 | 334.8 | Density¹ |
| Население на возраст 0-14 (%) | 17.0 | 15.6 | 13.8 | 16.0 | 15.8 | 15.0 | 18.6 | 17.0 | 18.6 | Share of population aged 0-14 (%) |
| Население на возраст 65+ (%) | 17.2 | 18.5 | 21.0 | 16.9 | 18.9 | 19.7 | 13.0 | 16.2 | 16.7 | Share of population aged 65+ (%) |
| Коефициент на старосна зависност | 51.8 | 51.7 | 53.4 | 48.9 | 53.1 | 53.0 | 46.3 | 49.6 | 54.5 | Age dependency ratio |
| На 1000 население | | | | | | | | | | Per1000 population |
| живородени | 10.2 | 9.1 | 7.8 | 9.4 | 8.6 | 8.3 | 11.0 | 9.9 | 12.0 | live births |
| умрени | 15.5 | 17.0 | 17.9 | 14.8 | 16.7 | 17.2 | 14.2 | 16.0 | 14.4 | deaths |
| бракови | 7.3 | 6.0 | 6.5 | 8.1 | 6.9 | 5.8 | 10.2 | 8.8 | 6.5 | marriages |
| разводи | 1.1 | 1.2 | 1.4 | 1.1 | 1.6 | 1.0 | 1.7 | 0.1 | 0.8 | divorces |
| Стапка на смртност на доенчињата | 4.6 | 4.0 | 6.0 | 5.4 | 4.7 | 6.9 | 4.7 | 4.6 | 3.6 | Infant mortality rate |
| Вкупна стапка на фертилитет | 1.6 | 1.6 | 1.4 | 1.5 | 1.5 | 1.4 | 1.5 | 1.6 | 1.9 | Total fertility rate |
| Просечна возраст на: | | | | | | | | | | Mean age of: |
| населението | 40.8 | 42.2 | 44.1 | 41.0 | 42.4 | 42.9 | 38.3 | 40.2 | 39.8 | population |
| мајката при раѓањето на | 27.5 | 26.5 | 27.1 | 27.5 | 25.8 | 27.3 | 27.6 | 27.2 | 27.1 | mother at birth of first child |
| невестата при прв брак | 27.0 | 27.2 | 26.6 | 26.5 | 25.4 | 27.4 | 26.2 | 27.7 | 27.9 | bride at first marriage |
| умрените | 73.2 | 73.1 | 73.4 | 73.2 | 73.8 | 74.4 | 72.4 | 72.6 | 73.2 | death |

Разликите се евидентни и во старосната структура на населението. Најголемо учество на младото население (0-14 години) има во Полошкиот и во Скопскиот Регион, а најмало во Источниот Регион. Учеството на старото население (65+) е најголемо во Пелагонискиот и во Источниот Регион, а најмало во Полошкиот Регион. Показателите за просечната старост на населението ја потврдуваат ваквата констатација. Разликите се евидентни и во бројот на родените и умрените лица. Во седум региони, како резултат на неповолната старосна структура и нискиот фертилитет, бројот на умрените го надминува бројот на родените.

Од аспект на идниот регионален развој, постојната состојба во густината на населеноста и концентрацијата на население е мошне неповолна поради бројните импликации врз социо-економскиот развој на земјата. Со оглед на досегашните тенденции во демографскиот развој може да се очекува продлабочување на регионалните разлики во густината на населеноста, односно нејзино натамошно зголемување во општините кои денес се издвојуваат како густо населени, додека на определени подрачја може да се очекува појава на потполна депопулација.

## 2. УРБАНИСТИЧКА ПОСТАВЕНОСТ И ОРГАНИЗАЦИЈА НА ОПШТИНАТА

### Урбанистичка поставеност

**Радовишката општина** има мошне поволна географска положба, која е условена од просторно-релјефните погодности и сообраќајните прилики. Со површина од 608 км2 и 24 122 жители се вбројува во средно големите општини.

Општината лежи во средното сливно подрачје на реката Брегалница. Се граничи со шест општини и тоа: Штип, Конче, Василево, Берово, Виница и Карбинци, со добра местоположба и патна поврзаност.

На југозапад општина Радовиш се граничи со општина Конче, на исток со општина Берово, на југ со општина Василево, на северозапад со општина Штип и на север со општините Карбинци и Виница.

Општината Радовиш има добри гравитациско-контактни и функционални врски во правец Северо Запад-Југо Исток, односно Штип и Струмица , од кои градот Радовиш е оддалечен само 35 односно 30 км.

Радовиш е оддалечен 121 км од Скопје, 220 км од Охрид, 502 км од Белград, 160 км од Солун, 620 км од Атина, 370 км од Тирана, 390 км од Драч, 260 км

од Софија, 720 км од Варна, 670 км од Бургас, 840 км од Истанбул, 1030 км од Љубљана, 2330 км од Париз и 2540 км од Лондон.

*СООБРАЌАЈНИ ВРСКИ*

| Табела 4.25. Сообраќајни врски | |
|---|---|
| Автопати, експресни и магистрални патишта | |
| **Директен пристап на магистрален патен правец А4.** | |
| Регионални патни правци што поминуваат низ општината | |
| **Р1310, Р1403, Р2431, Р2433, Р29471** | |
| Оддалеченост на општината од аеродроми (км) | |
| **„Александар Велики" – Скопје** | 107 км |
| **„Свети Апостол Павле" – Охрид** | 232 км |
| **Аеродром Солун, Грција** | 177 км |
| **Аеродром Софија, Бугарија** | 256 км |
| Оддалеченост на општината од железница | |
| **Железничка станица Гевгелија** | 88 км |
| **Железничка станица Миравци** | 74 км |
| **Железничка станица Штип** | 40 км |
| Оддалеченост на општината од пристаниште (км) | |
| **Пристаниште Солун, Грција** | 151 км |
| **Пристаниште Драч, Албанија** | 396 км |
| **Пристаниште Бургас, Бугарија** | 590 км |
| Оддалеченост на општината од гранични премини (км) | |
| **Грција** | 80 км |
| **Бугарија** | 57 км |
| **Србија** | 138 км |
| **Косово** | 144 км |
| **Албанија** | 270 км |
| Оддалеченост на општината од поважни градови (км) | |
| **Скопје** | 121 км |
| **Солун** | 160 км |
| **Софија** | 260 км |
| **Белград** | 502 км |
| **Загреб** | 914 км |
| **Истанбул** | 840 км |
| **Виена** | 1.135 км |
| **Будимпешта** | 898 км |

Градот Радовиш е сместен во централниот дел на општината, на надморска височина од 380 м и претставува општински административен центар со добра местоположба за развој на стопанството. Како административен центар ги опслужува и жителите на Општина Конче бидејќи во градот Радовиш се сместени сите државни институции кои имаат дејност на регионално ниво.

Конфигурацијата на земјиштето на оваа подрачје повеќе е ритско - планинска со еден дел од рамничарски обработливи површини. Надморската височина на регионот се движи од 260 м. н.в. по течението на Радовишка Река до 1707 м.н.в. на врвот Бел Камен на Плачковица.






Главни компетативни предности на општина Радовиш се местоположбата, производството на здрава еколошка храна и поволните услови за развој и вложувања. Главни стопански гранки на општината: земјоделство,рударство,преработувачка индустрија,трговија и транспорт.

Северозападниот дел од општината се карактеризира со стари вулкански жаришта и вулкански карпи кои содржат минерали на железо, бакар и друго, поради што на оваа подрачје се врши ископување на руда.

Рудното подрачје Бучим-Дамјан-Боров Дол припаѓа на металогенетската зона Леце-Халкидики и зафаќа површина од 150 км2 во нејзините средишни делови.

Градот Радовиш е надалеку познат по рудникот "Бучим", кој претставува еден од најголемите рудници за ископ на бакар, злато и сребро во регионот.

Во Хидрографски поглед, општина Радовиш е интересна со појава на подземни води, извори и површински водотеци. Покрај изворите со вода за пиење во општината има и минерални води, но без некоја поголема стопанска искористеност.

Хидрографијата на општината Радовиш ја сочинуваат: водотеци, подземни води и извори. Водотеците припаѓаат на два речни слива: на реките Струмица и Брегалница. Главните водотеци во општината се Радовишка река (Стара река), Ораовичка река и Плаваја кој припаѓаат на сливот на реката Струмица. Овие реки извираат на планината Плачковица и нивните долини во најголем дел претставуваат клисури со стрмен пад, додека во низинскиот дел формираат широки плавни површини под влијание на наносниот материјал. Највисок водостој имаат во март и април, додека во периодот од јули до октомври водостојот перманентно им се намалува поради сушните лета. Сепак, во текот на целата година овие реки имаат проток на вода. Во Брегалничкиот речен слив

преку Крива Лакавица се влева Маденска Река која извира во Дамјанско поле. Во неа се влеваат водите од околните места на Бучим и хидројаловиштето Тополница.

Главни речни долини се долините на реките: Радовишка река, Ораовичка река и Плаваја. Долините на овие реки, чии извори се на планината Плачковица, во најголем дел се тесни клисури со голем пад. Спуштајки се кон полето, долините се шират и под влијание нананосниот матерјал формирани се пространи и широки плавни површини. Покрај реките на подрачјето на општината се формирани и вододерини, суводолици, поројни водотеци и др.

Општината располага и со минерални води кои сеуште не се доволно искористени. Се посочуваат термоминералните води над селото Раклиш, со температура од 26 $^{0}C$, со чие подетално истражување би можело да се дојде до поголеми количества на вода со повисока температура која би можела да се искористи во земјоделското производство на регионот. Поради семиаридноста на регионот и нерамномерната распределба на врнежите во текот на годината, во општината има потреба и од акумулација на вода.

Најголемата акумулација во регионот е акумулацијата Мантово (лоцирана на територија на општина Конче), а покрај нејзе постои капацитет за изградба на уште десетина мали акумулации за кои веќе се изработени идејни проекти.

Богатството на шумскиот фонд, разновидноста на флората и фауната, чистата и здрава околина, конфигурацијата на теренот, реките и вештачките акумулации го прават регионот привлечен за рекреативно-спортскиот, ловниот, риболовниот и селскиот туризам.

Во тој поглед, развојните можности на регионот се согледуваат, пред се, во комерцијализацијата на атрактивните природни ресурси. Економското ефектуирање на природните ресурси претпоставува постоење на соодветна инфраструктура, на организација и на соодветна туристичка пропаганда. Во таа насока, значајни развојни поттици може да произлезат од нови и од квалитетни сместувачки капацитети, од капацитетите за исхрана, од различните занаетчиски и услужни објекти и дуќани, од спортски терени, од туристички водачи кај селскиот туризам што влегува во рамките на збогатување на туристичката понуда.

Развојот на овие специфични видови туризам ќе овозможи поширок фронт за делување и за пазарно ефектуирање на производството на храна (млеко, месо, зеленчук, овошје, вино и слично) во атрактивните ловно-риболовни и рекреативни рурални подрачја. Најсоодветен начин за стопанисување со оваа дејност и со нејзините придружни дејности се малите семејни бизниси, стручно водени и осмислени од квалификувани менаџери.

Исто така постои одлична можност за развој на алтернативните форми на туризам (планински, бањски, рурален, археолошки др.)

**Зафатеност на земјиштето**

Во општина Радовиш има вкупно 36 населби, населени се само една градска и 22 селски населби. Тринаесет селски населби се целосно иселени.

Населени места во Општина Радовиш се градот Радовиш и околните села: Али Коч, Бучим, Воиславци, Дамјан, Злеово, Ињево, Јаргулица, Калаузлија, Калуѓерица, Козбунар, Коџалија, Ораовица, Подареш, Покрајчево, Прналија, Раклиш, Смиланци, Сулдурци, Супурге, Тополница, Шипковица и Штурово.

Населбите Али Лобаси, Држани, Дурутлија, Каралобоси, Караџалар, Ново Село, Папавница, Погулево, Сариѓол, , Худаверлија, Чешме Маале, Шаинташ и Ќоселија се целосно исселени.



Подрачјето на Општина Радовиш е организирано во облици на месна самоуправа. Граѓаните преку Месната самоуправа како непосреден облик на општествено организирање на граѓаните,ги остваруваат своите права како :

- решавања на прашања од комунална инфраструктура за соодветното подрачје;
- изградба и одржување на објекти од јавен интерес (водоводи, улици, културни домови, спортски објекти и др.);
- заштита на животната средина и природата;
- уредување и одржување на гробиштата во селските населби;
- покренување иницијативи за уредување на просторот;
- организирање на културни, спортски, забавни и други манифестации и
- други работи од непосредно секојдневно значење за животот и работата на граѓаните.

Согласно Законот за локална самоуправа, во градското подрачје тие имаат назив – урбани заедници, а во населените места – месни заедници.

На територија на Општина Радовиш има организирани 27 месни заедници прикажани во следната табела:

| | |
|---|---|
| **Урбана Заедница „Јавор"** | Радовиш |
| **Урбана Заедница „Комуна"** | Радовиш |
| **Урбана Заедница „Куклевица"** | Радовиш |
| **Урбана Заедница „Мирче Ацев"** | Радовиш |
| **Урбана Заедница „Бел Камен"** | Радовиш |
| **Месна Заедница ,,Илија Поцков"** | село Раклиш |
| **Месна Заедница ,,Бобовец"** | село Ињево |
| **Месна Заедница ,,Изведен"** | село Ораовица |
| **Месна Заедница ,,Готен"** | село Подареш |
| **Месна Заедница ,,Витибор"** | село Смиљанци |
| **Месна Заедница ,,Папино"** | село Јаргулица |
| **Месна Заедница ,,Симитлија"** | село Покрајчево |
| **Месна Заедница ,,Слога"** | село Злеово |
| **Месна Заедница ,Извор"** | село Калуѓерица |
| **Месна Заедница ,,Водица"** | село Сулдурци |
| **Месна Заедница ,,Илинден"** | село Воиславци |
| **Месна Заедница,,Лазо Коцев"** | село Дамјан |
| **Месна Заедница ,,Даме Груев"** | населба Дамјан |
| **Месна Заедница ,,Плачковица"** | село Штурово |
| **Месна Заедница ,,Омер Шабан"** | село Бучим |
| **Месна Заедница ,,Смаил Масуд"** | село Тополница |
| **Месна Заедница ,,Сивритепе"** | село Прналија |
| **Месна Заедница ,,Карталбунар"** | село Супурге |
| **Месна Заедница ,,Јајла"** | село Коџалија |
| **Месна Заедница ,,Каратаарла"** | село Али Коч |
| **Месна Заедница ,,Чамлк"** | село Калаузлија |
| **Месна Заедница ,,Оџин Чукар"** | село Козбунар |

Градот Радовиш е поделен на пет урбани заедници со следните граници:

- граница на Прва урбана заедница се улица „8-ми Септември" десна страна од стариот базен до улица „Партизанска";
- граница на Втора урбана заедница, од улица „Партизанска" десна страна на градот, улица „8-ми Септември" десна страна до пречистителна станица;
- Трета урбана заедница граничи со улица Партизанска лева страна од градот, улица „Калузлиска" десна страна, улица „В.С.Бато", улица „8-ми Септември" лева страна и Раклиш;
- Четвртата урбана заедница ги опфаќа, улица „Илинденска", улица „Шаин Маале" до улица „Калузлиска" лева страна, улица „Партизанска" лева страна од градот и улица кеј „8-ми Септември" лева страна;и
- граници на Петта урбана заедница улица „Михајло Апостолски" (и над неа), улица кеј „8-ми Септември" лева страна и улица „Илинденска".

**Приказ на поделбата на град Радовиш по урбани заедници:**



*Табела 1– Зафатеност на земјиштето*

Домување

| Ред.бр. | Населени места | *Површина во км²* | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Опслужено домување* | Недоволно опслужено домување** | Нерегуларно домување*** | *Површина на неурбанизирано земјиште (нива,пасишта,шума и др.)* | *Вкупна површина* |
| 1. | Радовиш | 3 | / | / | 9 | 12 |
| 2. | Подареш | 0,74 | / | / | 34,26 | 35 |
| 3. | Ињево | 0,80 | / | / | 21,20 | 22 |
| 4. | Ораовица | 0,70 | / | / | 16,30 | 17 |
| 5. | Злеово | / | 0,50 | / | 16,50 | 17 |
| 6. | Калугерица | / | 0,50 | / | 15,50 | 16 |
| 7. | Јаргулица | / | 0,48 | / | 17,52 | 18 |
| 8. | Воиславци | / | 0,40 | / | 9,60 | 10 |
| 9. | Коцалија | / | / | 0,26 | 16,74 | 17 |
| 10. | Раклиш | 0,38 | / | / | 6,62 | 7 |
| 11. | Тополница | / | / | 0,38 | 15,62 | 16 |
| 12. | Бучим | / | / | 0,15 | 17,85 | 18 |
| 13. | Аликоч | / | / | 0,16 | 6,84 | 7 |
| 14. | Калаузлија | / | / | 0,07 | 8,93 | 9 |
| 15. | Покрајчево | / | 0,22 | / | 6,78 | 7 |
| 16. | Сулдурци | / | 0,20 | / | 9,80 | 10 |
| 17. | Дамјан | / | 0,20 | / | 16,80 | 17 |
| 18. | Прналија | / | / | 0,08 | 9,92 | 10 |
| 19. | Супурге | / | / | 0,08 | 4.92 | 5 |
| 20. | Смиланци | н/а | н/а | н/а | н/а | 20 |
| 21. | Штурово | н/а | н/а | н/а | н/а | 6 |
| 22. | Козбунар | н/а | н/а | н/а | н/а | 29 |
| 23. | Шипковица | н/а | н/а | н/а | н/а | 21 |

*Податоците во табелата се добиени од стручните служби во општина Радовиш.

Забелешка:

- **Опслужено домување* се населени места/месни заедници/или друга поделба кои се услужени на организиран начин од општината со сите овие услуги: електрична енергија, водоснабдување, канализација, асфалтирани патишта, собирање на смет.**
- **Недоволно, опслужено домување* се населени места/месни заедници/или друга поделба кои се услужени на организиран начин од општината со сите овие услуги освен со две од нив: електрична енергија, водоснабдување, канализација, асфалтирани патишта, собирање на смет.**
- **Нерегуларно домување* се населени места/месни заедници/или друга поделба кои се услужени на организиран начин од општината со една или ниедна од овие услуги: електрична енергија, водоснабдување, канализација, асфалтирани патишта, собирање на смет.**

## 3. ТРЕНДОВИ И ПРОЕКЦИИ НА НАСЕЛЕНИЕТО

Населението е најважниот елемент и двигател на општината. Според податоците добиени од Државен завод за статитика од последниот попис на население во 2021год., Општина Радовиш е со вкупен број на жители 24 122, од кои во градот Радовиш живеат 14460 жители.

Општината има три населени места со повеќе од 1000 жители: Ораовица-1103, Ињево-1139 и Подареш-1260 жители, во останатите населени места живеат помеѓу 100 и 700 жители. Во пет населби живеат помалку од 60-тина жители од кои за селата Смиланци,Штурово,Козбунар и Шипковица се очекува во догледен период од неколку години да останат празни.

| Вкупно резидентно население, домаќинства и станови во Радовиш,Попис 2021 | | |
|---|---|---|
| Радовиш | Население | 24 122 |
| | Домаќинства | 8511 |
| | Станови | 11283 |

Извор: Државен завод за статистика на Република Македонија

| Ред.бр. | Населено место | Број на жители |
|---|---|---|
| 1. | Радовиш | 14460 |
| 2. | Подареш | 1260 |
| 3. | Ињево | 1139 |
| 4. | Ораовица | 1103 |
| 5. | Злеово | 683 |
| 6. | Калуѓерица | 651 |
| 7. | Јаргулица | 628 |
| 8. | Воиславци | 592 |
| 9. | Коџалија | 569 |
| 10. | Раклиш | 559 |
| 11. | Тополница | 414 |
| 12. | Бучим | 400 |
| 13. | Аликоч | 393 |
| 14. | Калаузлија | 351 |
| 15. | Покрајчево | 319 |
| 16. | Сулдурци | 195 |
| 17. | Дамјан | 175 |
| 18. | Прналија | 153 |
| 19. | Супурге | 56 |
| 20. | Смиланци | 11 |
| 21. | Штурово | 6 |
| 22. | Козбунар | 3 |
| 23. | Шипковица | 2 |
| | Вкупно | 24122 |

Извор: Државен завод за статистика на Република Македонија

Етничка структура во град Радовиш:

| Години | Македонци | Албанци | Турци | Роми | Власи | Срби | Бошњаци | Ост. | Лица без под. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1948 | — | — | — | — | — | — | — | — | — | 4.678 |
| 1953 | 3.663 | 7 | 1.310 | 146 | 0 | 19 | — | 110 | — | 5.255 |
| 1961 | 5.183 | 2 | 592 | — | — | 39 | — | 430 | — | 6.246 |
| 1971 | 8.201 | 10 | 1.280 | 17 | — | 74 | — | 57 | — | 9.639 |
| 1981 | 10.418 | 12 | 1.551 | 28 | 2 | 84 | — | 93 | — | 12.188 |
| 1991 | 13.022 | 4 | 1.800 | 19 | 12 | 89 | — | 64 | — | 15.010 |
| 1994 | 13.258 | 0 | 1.662 | 43 | 11 | 64 | — | 30 | — | 15.068 |
| 2002 | 13.991 | 1 | 1.927 | 181 | 20 | 60 | 1 | 42 | — | 16.223 |
| 2021 | 10.688 | 14 | 1.597 | 239 | 11 | 23 | 0 | 54 | 1.834 | 14.460 |

* Извор: Државен завод за статистика на Република Македонија (1948-2021), според податоци од официјалните пописи во соодветните години

Бројот на жители во Радовиш е во постојано опаѓање, најмногу поради намалениот наталитет како последица на лошата економска состојба,невработеноста и други фактори како и големата миграција.

Живородени деца според полот, по општини, 2010-2021



* Извор: Државен завод за статистика на Република Македонија

Население во минатото во град Радовиш

| Година | Нас. | ±% | Година | Нас. | ±% |
|---|---|---|---|---|---|
| 1948 | 4.678 | — | 1991 | 15.010 | +23.2% |
| 1953 | 5.255 | +12.3% | 1994 | 15.068 | +0.4% |
| 1961 | 6.246 | +18.9% | 2002 | 16.223 | +7.7% |
| 1971 | 9.639 | +54.3% | 2021 | 14.460 | −10.9% |
| 1981 | 12.188 | +26.4% | | | |

* Извор: Државен завод за статистика на Република Македонија (1948-2021), според податоци од официјалните пописи во соодветните години

Број на население по години во општина Радовиш




* Извор: Државен завод за статистика на Република Македонија (1948-2021), според податоци од официјалните пописи во соодветните години

Исто така и сликата во населените места во изминатите години е драстично променета,односно има многу поголемо иселување, што директно се одразува и на квалитетот на животот на оние лица кои сеуште живеаат таму.

Немањето добри решени инфраструктурни потреби на граѓаните (пристапен асфалтиран пат, водовод, канализација), концентрацијата на стопанските и нестопанските субјекти и ресурси во градот и др. ги забрзува овие процеси на напуштање на овие населени места и без никакви можности за повторна ревитализација и изградба на нови објекти.

*Табела – Број на население и тип на домување*

| Ред.бр. | Населени места | Население во опслужено домување | Население во недоволно опслужено домување | Население во нерегуларно домување | Вкупно население |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Радовиш | 14460 | / | / | 14460 |
| 2. | Подареш | 1260 | / | / | 1260 |
| 3. | Ињево | 1139 | / | / | 1139 |
| 4. | Ораовица | 1103 | / | / | 1103 |
| 5. | Злеово | / | 683 | / | 683 |
| 6. | Калугерица | / | 651 | / | 651 |
| 7. | Јаргулица | / | 628 | / | 628 |
| 8. | Воиславци | / | 592 | / | 592 |
| 9. | Коџалија | / | / | 569 | 569 |
| 10. | Раклиш | 559 | / | / | 559 |
| 11. | Тополница | / | / | 414 | 414 |
| 12. | Бучим | / | / | 400 | 400 |
| 13. | Аликоч | / | / | 393 | 393 |
| 14. | Калауз лија | / | / | 351 | 351 |
| 15. | Покрајчево | / | 319 | / | 319 |
| 16. | Сулдурци | / | 195 | / | 195 |
| 17. | Дамјан | / | 175 | / | 175 |
| 18. | Прналија | / | / | 153 | 153 |
| 19. | Супурге | / | / | 56 | 56 |
| 20. | Смиланци | / | / | / | 11 |
| 21. | Штурово | / | / | / | 6 |
| 22. | Козбунар | / | / | / | 3 |
| 23. | Шипковица | / | / | / | 2 |

Како последица на овие движења во одделни населени места доаѓа до големо демографско празнење и мигрирање кон градот.

Иселувањето во странство пак поради општата економска ситуација и потрага по места каде можностите за вработување и за подобра заработувачка се поголеми, е доста актуелно и во градот и во населените места.

**<u>Отселени граѓани на општина Радовиш од поранешно место на живеење во ново место на живеење, по години</u>**

| 2005 | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 129 | 98 | 87 | 95 | 95 | 105 | 101 | 93 | 98 | 106 | 86 | 102 | 82 | 137 | 96 | 83 | 97 |

* Извор: Државен завод за статистика на Република Македонија

Можеме да заклучиме дека една од главните причини за намалување на бројот на населението е сѐ пониската стапка на фертилитет, што се должи на одложеното стапување во брак на младите и помалиот број на деца во семејството, што можеме да го поврземе со проблемите со невработеноста и несигурноста на работните места, нискиот животен стандард, многу често и со

нерешеното станбено прашање, сѐ поголемата вклученост на жената во сите сфери на општеството, како и потребата за 'градење кариера' и друго.

Младото работоспособно население, кое е во оптимална репродуктивна возраст, се преселува главно во Скопскиот регион, или во странство. Бидејќи стапката на фертилитет веќе подолг временски период е многу ниска, а според прогнозите овој тренд ќе се задржи уште долг период, што е минимум за остварување на проста репродукција, населението не овозможува биолошко обновување на генерациите во доволен обем.

Повеќегодишниот тренд на опаѓање на тоталната стапка на фертилност значи се помал прилив на нови генерации и упатува на тоа дека се доведува во прашање демографската иднина.

Демографската иднина не се загрозува само од долгорочните тенденции на намалување на нејзиното население, туку и заминувањето цели семејства, па и млади генерации на работоспособни луѓе од многу региони од државата, главно во насока кон ЕУ, САД и Канада.

## 4. ОПШТИНСКА ЕКОНОМИЈА

Економските карактеристики на Општината Радовиш се дефинирани како фундаментални развојни параметри, при што анализата го опфаќа следниве категории: анализа на локалната економија (општински податоци), активни деловни субјекти по сектори на дејност, развој на земјоделието, вработеност, активно население по возраст од 15 и повеќе години кое врши занимање, вкупно работоспособно население/работна сила, главни работодавачи.

Ако ги анализираме изминатите 10 години состојбата во општина Радовиш е драстично променета во однос на тоа дека во минатото текстилната индустрија, земјоделството, дрвната индустрија и фармацевтската индустрија беа капациети кои вработуваа голем број на луѓе, ако го изоставиме рудникот за бакар „Бучим" кој во континуитет години station наназад вработува над 500 лица.

Текстилниот сектор, Градежен сектор и дел од услуги за населението, се сектори кои се во опаѓање. Текстилниот сектор во последните десет години од втор водечки во општината речиси е на крајот, се затворија многу текстилни компании, а со последната Ковид пандемија сосема замре.

Градежниот сектор исто така и услугите за населението се во опаѓање. Со миграцијата на населението и масовното иселување на младо работоспособно население, многу е тешко да се најдат квалификувани работници во сектор-градежништво, а во делот на услуги кон населението истите екстремно поскапеа бидејќи граѓаните тешко можат да дојдат до водоинсталатер, електричар и сл. за да завршат одредена работа.

Според моменталната ситуација во општина Радовиш најзастапени деловни субјекти се од следните сектори: трговија, поправка на моторни возила и мотоцикли, преработувачка индустрија, дрвна индустрија, транспортни услуги, услужни дејности, земјоделство, сточарство рударство, млечна индустрија, метална индустрија, индустрија за конзервирање.

Во раст и развој се следниве бизниси:

Транспортна дејност, шпедиција, логистика односно диспечарски услуги, енергетски сектор – регистрирање на фирми кои се занимаваат со производство и дистрибуција на електрична енегрија, а од услужните дејности покрај благ раст на постоечките, нова бизнис можност се рент а кар фирмите.

Прехранбената индустрија има силна репутација во однос на квалитетот на производите и одличен пробив кон регионалните пазари, а и пошироко. Најзастапени производи се овошјето, зеленчукот, виното и сирење.

Во последните години и во нашиот регион се чувствуваат влијанијата од „не-толку тивката револуција" која се случува во развиениот свет, наречена „кооперативен капитализам" (или пак со друго име, sharing economy, economy on-demand, и сл.). Општо познато е дека постојат голем број на млади луѓе кои работат аутсорсинг од дома. И во општина Радовиш има дел од младите кои работат аутсорсинг од дома, но не располагаме со точни и релевантни податоци колкав е нивниот број.

**Активни деловни субјекти по сектори на дејност според НКД Рев.2, по општини, по години, состојба 31 декември 2021год.**

| | 2021 |
|---|---|
| Радовиш | |
| А Земјоделство, шумарство и рибарство | 22 |
| Б Рударство и вадење на камен | 5 |
| В Преработувачка индустрија | 102 |
| Г Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација | - |
| Д Снабдување со вода; отстранување на отпадни води, управување со отпад ; санација на околината | 3 |
| Ѓ Градежништво | 53 |
| Е Трговија на големо и трговија на мало ; поправка на моторни возила и мотоцикли | 297 |
| Ж Транспорт и складирање | 100 |
| З Објекти за сместување и сервисни дејности со храна | 41 |
| Ѕ Информации и комуникации | 13 |
| И Финансиски дејности и дејности на осигурување | 2 |
| Ј Дејности во врска со недвижен имот | 2 |
| К Стручни, научни и технички дејности | 58 |
| Л Административни и помошни услужни дејности | 3 |
| Љ Јавна управа и одбрана ; задолжително социјално осигурување | 3 |
| М Образование | 13 |
| Н Дејности на здравствена и социјална заштита | 39 |
| Њ Уметност, забава и рекреација | 22 |
| О Други услужни дејности | 47 |
| П Дејности на домаќинствата како работодавачи | ... |
| Р Дејности на екстратериторијални организации и тела | ... |

Извор: Државен завод за статистика

Од аспект на големината деловните субјекти се прикажани во следната табела:

**Табела за Анализа на локалната економска структура - презентирање на компаниите од приватниот сектор**

| *Вид на економска активност* | *Број и % на компании (според класификација)* | | | |
|---|---|---|---|---|
| | ***Микро*** | ***Мали*** | ***Средни*** | ***Големи*** |
| | | | | |
| ***Индустриско производство*** | | | | 2 |
| ***Земјоделство*** | 12 | 10 | 5 | |
| ***Преработувачка индустрија*** | | | 7 | |
| ***Трговија*** | 157 | 95 | 5 | |
| ***Бизнис услуги (обука, консалтинг, истражување на пазар, реклама, издаваштво, односи со јавноста (PR)*** | | | | |
| ***Финансиски услуги*** | | 5 | | |
| ***Медицински услуги*** | 20 | | 1 | |
| ***Правни услуги (нотари, адвокати)*** | 15 | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Услуги за населението (фризерници, перални, поправка на автомобили, други сервиси, итн.) | 115 | | | |
| Restaurants, cafe's, bars etc. | | 28 | | |
| Хотели, хостели, итн.. | | 3 | | |
| ИТ услуги | 11 | | | |
| Transport | | | 70 | |
| Градежништво | | 20 | | |
| Комуникациски услуги | | 5 | | |
| Креативни услуги (дизајн, фотографија, видеографија, веб дизајн, социјални медиуми, настани) | 3 | | | |
| Управување со отпад | 4 | | 1 | |
| Туризам | | 2 | | |
| Културно наследство | 1 | | | |
| Индивидуални земјоделци | 1000 | | | |
| Енергетски сектор-приватни компании кои произведуваат електрична енергија, поставуваат фотоволтаици и др. | 10 | | | |
| Социјални претпријатија / Домови за стари лица | 3 | | | |

Извор: општински податоци од базата на податоци од одделение за даноци, такси и надоместоци

**Активно население на возраст од 15 години и повеќе, кое врши занимање, според дејноста, по општини, Попис 2021**

| | | ВКУПНО |
|---|---|---|
| Радовиш | Земјоделство, шумарство и рибарство | 667 |
| | Рударство и вадење на камен | 643 |
| | Преработувачка индустрија | 1 616 |
| | Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација | 27 |
| | Снабдување со вода; отстранување на отпадни води, управување со отпад и дејности за санација на околината | 106 |
| | Градежништво | 458 |
| | Трговија на големо и трговија на мало; поправка на моторни возила и мотоцикли | 935 |
| | Транспорт и складирање | 545 |
| | Објекти за сместување и сервисни дејности со храна | 217 |
| | Информации и комуникации | 146 |
| | Финансиски дејности и дејности на осигурување | 71 |
| | Дејности во врска со недвижен имот | 11 |
| | Стручни, научни и технички дејности | 209 |
| | Административни и помошни услужни дејности | 138 |
| | Јавна управа и одбрана; задолжително социјално осигурување | 443 |
| | Образование | 430 |
| | Дејности на здравствена и социјална заштита | 336 |
| | Уметност, забава и рекреација | 113 |
| | Други услужни дејности | 95 |
| | Дејности на домаќинствата како работодавачи; дејности на домаќинствата кои произведуваат разновидна стока и вршат различни услуги за сопствени потреби | 1 |
| | Дејности на екстратериторијални организации и тела | - |
| | Непознато | 51 |

Извор: Државен завод за статистика

Можноста за отворање на нови работни места донесе и допрва ќе носи нова динамика во економскиот, но и социјалниот развој на општината. Досегашните искуства ја потврдуваат реалноста на целта кон која се стреми, а тоа е одржлив економски развој преку отворање на нови индустриски зони и изградба на нова инфраструктура која ќе ги задоволи потребите на жителите, но и на домашните и на странските инвеститори.

Со изградбата на индустриски зони се обезбедува значајна поддршка на домашните фирми и стопанството и можност влезот на странски капитал директно да влијае врз подобрувањето на економската состојба во целата општина.

Општината Радовиш располага со три индустриски зони: Индустриска зона „Радовиш" , Индустриска зона „Подареш" и Индустриска зона „Долна Рудина."

Општината располага и со значителни површини на земјоделско земјиште и има одлични климатски услови за производство на препознатливи земјоделски и сточарски производи.

Во структурата на обработливото земјиште најголемо учество имаат ораниците и бавчите со 89 % (15 077 ха). Степенот на засеаност на ораниците е променлив и варира меѓу 70 % и 55 %. Второто место, со далеку помало учество во вкупната обработлива површина, го заземаат лозјата со 4,5 % (752 ха), а на овоштарниците отпаѓаат 3,6 % (686 ха).

Главен проблем во овој сектор претставува ситнењето на парцелите, што не дозволува интензивно земјоделско производство, а со тоа е недоволно и искористување на земјоделското земјиште.

Процентот на обработливо земјоделско земјиште од вкупната површина на општината изнесува 30 %.

Сепак, мора да се напомене дека најголем дел од земјоделското производство се остварува во секторот домаќинства затоа што мал дел од земјоделските производители се организирани во претпријатија. Поради тоа, од анализата на нефинансискиот сектор не може да се согледа реалното значење на земјоделството, кое е далеку повисоко од прикажаното со статистичките податоци. Според податоците од ПЕ на Министерство за земјоделие за бројот на регистрирани индивидуални земјоделци, вкупно има 10 регистрирани земјоделци по Закон за земјоделство, но нивниот број е доста поголем.

Факт е дека населените места веќе користат дел од своите потенцијали за земјоделско производство, меѓутоа производството многу често се одвива без користење на современи методи и механизација, а како посебен проблем во повеќето се јавува наводнувањето на земјоделските површини.

Екстензивното земјоделско производство е присутно во населените места кои не се специјализирани за определени земјоделски култури и не се постигнуваат високи приноси. Сепак, екстензивното производство лесно може да се конвертира во органско што може да претставува голема предност и можност за општината, заедно со сточарството за чиј развој постои голем потенцијал.

Преку сточарството најрационално може да се искористат природните ресурси како што се пасиштата, ливадите, шумските енклави и водотеците за производство на млеко, на месо, на волна и кожа. Од друга страна, пак,

сточарското производство претставува мошне значаен фактор за унапредување на вкупното земјоделство, а исто така и за стопанството во целина. Сточарското производство е тесно поврзано со растителното, а особено со полјоделското производство. Основна причина за споменатата поврзаност е производството на добиточна храна и искористувањето на природните пасишта. Со локалното производство на добиточна храна се задоволуваат 70 % од потребите на постоечкиот добиточен фонд. Овој проблем наметнува потреба да се активираат нови површини, угари или необработувани, во руралните средини за производство на добиточна храна, односно за одгледување на фуражни култури.

Работната сила, односно трудот е еден од основните фактори во производството, од кој заедно со капиталот зависи репродукцијата и развојот на секоја национална економија. Анализата на состојбите со работната сила се однесува на активноста на населението, невработеноста, трошоците на работна сила по вработен и продуктивноста на трудот на вработените.

Активноста на населението е економска и демографска категорија и притоа анализата ги опфаќа следниве категори: работоспособно население, работна сила, неактивно население, вработени и невработени лица, стапка на активност, стапка на вработеност, стапка на невработеност и вкупно население од 0 до 14 години. Овие податоци се анализирани како обем и динамика во општина Радовиш.

Бројот на работоспособно население во текот на анализираните години се намалува. Во истиот период бројот на невработени лица минимално се зголемува за околу 0.2%. Соодветно на тоа, стапката на невработеност расте со иста динамика.

**Вкупно работоспособно население на возраст од 15 и повеќе според возраст, пол и економската активност, по општини, Попис 2021**

| | | Работоспособно население - ВКУПНО |
|---|---|---|
| | | ВКУПНО |
| Радовиш | 15-19 | 1 322 |
| | 20-24 | 1 400 |
| | 25-29 | 1 474 |
| | 30-34 | 1 500 |
| | 35-39 | 1 515 |
| | 40-44 | 1 443 |
| | 45-49 | 1 638 |
| | 50-54 | 1 674 |
| | 55-59 | 1 866 |
| | 60-64 | 1 860 |
| | 65+ | 4 256 |

Извор: Државен завод за статистика

П Р Е Г Л Е Д на невработени лица со состојба на 31.03.2023 година
Општина Радовиш

| Вкупно | Град | Села |
|---|---|---|
| 1822 | 1026 | 796 |

Извор: Агенција за вработување

ПРЕГЛЕД

на невработени лица според возрасна структура со состојба на 31.03.2023 година

| Вкупно | | од 15 до 19 | | од 20 до 24 | | од 25 до 29 | | од 30 до 34 | | од 35 до 39 | | од 40 до 44 | | од 45 до 49 | | од 50 до 54 | | од 55 до 59 | | од 60 години и повеќе | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени |
| 1822 | 961 | 61 | 31 | 147 | 71 | 170 | 92 | 209 | 110 | 197 | 118 | 176 | 87 | 238 | 134 | 221 | 115 | 251 | 139 | 152 | 64 |

Извор: Агенција за вработување

Кај возрасните групи најголем дел од невработените се лица од 55 до 59 години и оваа старосна група во последните години најмногу се зголемува како процент на невработено население. Односно постарите лица од 55 години се потешко доаѓаат до работа.

ПРЕГЛЕД

на невработени лица според школска подготовка со состојба на 31.03.2023 година
Општина Радовиш

| Вкупно | | Без образование и со основно образование | | Непотполно средно образование | | Завршено средно образование | | Више образование | | Високо образование | | Магистри на науки | | Доктори на науки | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени |
| 1822 | 961 | 1345 | 705 | 90 | 35 | 320 | 181 | 19 | 8 | 44 | 29 | 4 | 3 | 0 | 0 |

Извор: Агенција за вработување

Најголемиот дел од невработените лица се лица без образование и со основно образование, но не е мал и бројот на лица со завршено средно образование. Исто така имаме и лица со више или високо образование кои се невработени но со тенденција во иднина да се намалува овој процент.

Најефикасни локални компании според годишниот обрт и најголеми вработувачи на населението од општина Радовиш се рудниците Бучим и Боров Дол.

Од државниот сектор најголеми вработувачи се ЈП „Македонски Шуми“ - подружница „Плачковица“, ЈП „Плаваја“, Полициската станица Радовиш, ЈЗУ Здравствен дом, образовниот сектор (градинките, училиштата), судот, општината и подрачните министерства.

## 5. ОПШТИНСКИ УСЛУГИ, СРЕДСТВА, ОДРЖУВАЊЕ

Инфраструктурните одлики на населените места на одредено подрачје ги отсликуваат условите за живот на населението и развиеноста на тоа подрачје. Институционалната и линиската инфраструктура на населените места се во директна корелација со социоекономските услови. Преку проучување и анализа на инфраструктурните одлики на населените места во општината треба да се обезбеди јасна претстава за социоекономските карактеристики на ова подрачје како целина.

На територијата на општина Радовиш, се регистрирани поголем број населените места, меѓутоа дел од нив се целосно раселени и реално не постојат повеќе. Преостанатите населени места, во кои постојано живее население се карактеризираат со изразени разлики во големината, етничкиот состав на населението и инфраструктурата.

Ако се анализираат инфраструктурните одлики на населените места во општина Радовиш, може да се констатира дека постојат изразени разлики и во институционалната и во линиската инфраструктура меѓу населените места. Со најдобри инфраструктурни одлики се карактеризира градот Радовиш, кој се издвојува како административен,стопански, културен, здравствен и образовен центар.

ИНФРАСТРУКТУРНИ ОДЛИКИ НА НАСЕЛБИТЕ

Проучувајќи ги инфраструктурните одлики на населените места на територијата на општина Радовиш, може да се констатира дека тие се карактеризираат со средно или слабо развиена инфраструктура. Наведеното се однесува и на институционалната и на линиската инфраструктура. Ако се анализира институционалната инфраструктура на населените места на ова подрачје, единствено во градот постојат подрачни единици на министерствата на Владата на Република С. Македонија, Агенцијата за катастар на недвижности, Центарот за управување со кризи, Агенцијата за вработување, Центарот за социјални работи, Фондот за здравствено осигурување и другите органи на државната управа. Овие подрачни единици се надлежни и за општина Конче.

Исто така, само во Радовиш има Основен суд, полициска станица и противпожарна единица, кои работат за потребите и на двете општини.

СПОРТСКИ КАПАЦИТЕТИ

Најголемиот дел од спортските капацитети, повторно се сконцентрирани во градот, а во другите населени места постојат само отворени спортски игралишта, најчесто во состав на училиштата за основно образование или селски фудбалски игралишта, додека пак затворени спортски објекти воопшто нема.

Во Радовиш постојат два спортско-рекреативни центри, од кои едниот е од затворен (*СРЦ 25ти Мај*) а другиот е од отворен тип (*СРЦ Шампион*). Првиот

располага со мала и со голема спортска сала и со помошни простории, кои овозможуваат организација на разни видови спортски натпревари, а вториот со ракометно, со кошаркарско и со тениско игралиште.

Други спортски капацитети во градот се училишните спортските сали на ООУ„Никола Карев", ООУ „Крсте Петков Мисирков" и СОУ „Коста Сусинов", градскиот стадион и уште неколку отворени спортски игралишта. Меѓутоа, состојбата со спортските капацитети во градот, на прв поглед иако изгледа задоволителна, анализата на квалитетот и на реалната состојба на нив, укажува дека постојат голем број недостатоци и тие не ги задоволуваат потребите.

ОБРАЗОВНИ КАПАЦИТЕТИ

Ако се земат предвид сите постоечки образовни капацитети на територијата на општина Радовиш, може да се заклучи дека тие делумно ги задоволуваат моменталните потреби.

Од самиот табеларен преглед на институционалната инфраструктура на населените места, се забележува дека состојбата е најдобра во областа на основното образование, бидејќи најголемиот дел од населените места, со исклучок на оние во кои живее само постаро население, имаат училиште за основно образование, но како проблем се јавува тоа што училиштата во дел од овие населени места се само до V-то одделение.

Поради тоа, учениците од овие населени места ги завршуваат останатите 4 години од основното образование во некое од соседните населени места, во кои има училиште за основно образование до IX-то одделение.

На територијата на општината работат вкупно пет училишта за основно образование, од кои подрачни училишта во повеќе населени места имаат училиштата: Основно општинско училиште „Крсте Петков Мисирков", основно општинско училиште „Никола Карев",основно општинско училиште „Орце Николов"– Иљево и основно општинско училиште „Коста Рацин"Подареш.

Наставата е организирана на македонски и турски наставен јазик, во согласност со потребите на запишаните ученици.

Табела: Училишта за средно/основно образование во општина Радовиш

| Ред. број | Име на институција | Подрачни училишта / клонови | Вид на образование, насока или дејност | Адреса | Јазик на кој се изведува наставата | Број на паралелки / групи |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Средно општинско училиште „Коста Сусинов" - Радовиш | 0 | Гимназија, геолошко-рударска и мелалуршка стр, гелошко рударско и металуршка струка - гелошко рударски техничар струка и машинкса струка, Електротехничкаст јка, Сообраќајна струка, Машинска струка – маш. техничар и економско - правна струка | Кеј 8 Септември | македонски јазик, турски јазик | 32 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2 | Основно општинско училиште „Крсте Петков Мисирков" Радовиш | 2 | Основно образование | Бул. Александар Македонски бб, Радовиш | македонски и турски јазик | 60 |
| 3 | Основно општинско училиште „Никола Карев" - Радовиш | 4 | Основно образование | Кеј 8 Септември бб | македонски јазик | 38 |
| 4 | Основно општинско училиште „Орце Николов" - Ињево | 5 | Основно образование | с. Ињево | македонски јазик | 34 |
| 2 | Основно општинско училиште „Коста Рацин" Подареш | 2 | Основно образование | с. Подареш | македонски јазик | 17 |
| 3 | Основно општинско училиште „Кирил и Методиј" - Ораовица | ./. | Основно образование | с. Ораовица | македонскиј азик | 9 |
| 4 | Јавна општинска установа детска градинка „Ацо Караманов" - Радовиш | 3 + 9 по населени места | Воспитно-образовна и згрижувачка дејност | Ул. Ацо Караманов 54 | македонски јазик | 31 воспит на група |

*Податоците во табелата се добиени од стручните служби во општина Радовиш.

Преглед на основни училишта и нивни подрачни училишта

| Ред. бр. | Име на училиштето | Основно,централно/ подрачно | Град/село |
|---|---|---|---|
| 1. | Основно општинско училиште „Крсте Петков Мисирков" Радовиш | Централно | Радовиш |
| | | Подрачно | С.Калаузлија |
| | | Подрачно | С.Коцалија |
| 2. | Основно општинско училиште „Никола Карев" - Радовиш | Централно | Радовиш |
| | | Подрачно | Раклиш |
| | | Подрачно | С.Тополница |
| | | Подрачно | С.Бучим |
| | | Подрачно | С.Прналија |
| 3. | Основно општинско училиште „Орце Николов" - Иљево | Централно | Радовиш |
| | | Подрачно | С.Воиславци |
| | | Подрачно | С.Сулдурци |
| | | Подрачно | С.Калуѓерица |
| | | Подрачно | С.Покрајчево |
| | | Подрачно | С.Злеово |
| 4. | Основно општинско училиште „Коста Рацин" Подареш | Централно | С.Подареш |
| | | Подрачно | С.Јаргулица |
| 5. | Основно општинско училиште „Кирил и Методиј" - Ораовица | Централно | С.Ораовица |

Единственото училиште за средно образование на територијата на општина Радовиш е средното општинско училиште „Коста Сусинов" во Радовиш, во кое е организирана настава за гимназиско образование и стручна настава. Во стручното образование наставата се изведува само на македонски наставен јазик, а во гимназиското образование покрај на македонски има организирано и настава на турски наставен јазик.

Покрај наведените образовни капацитети, во Радовиш работи и една комбинирана предучилишна установа - „Ацо Караманов". Во состав на оваа предучилишна установа работат три детски градинки во градот (*Детско изворче, Цветови и Ацо Караманов*),четири воспитни групи во други просторни услови во

селата : Ињево, Ораовица, Воиславци и Калугерица и ЦРДР во с.Покрајчево,с.Подареш,с.Јаргулица,с.Злеово и Шаин Маале во градот.

ЗДРАВСТВЕНИ КАПАЦИТЕТИ

Ако се анализира состојбата со здравствените капацитети во општина Радовиш, се доаѓа до заклучок дека тие претставуваат сериозен проблем за најголем дел од населените места. И во овој случај, како здравствен центар се издвојува градот Радовиш, иако и во него постои недостаток на здравствени капацитети, поради што се појавува потреба од користење на алтернативни медицинските центри, за што може да се користат медицинските центри во Штип и во Струмица.

Во Радовиш има Здравствен дом и поголем број приватни здравствени установи. Во состав на Здравствениот дом работи служба за итна медицинска помош, дијагностичка лабораторија, детска превентивна стоматологија, школска превентивна медицина, рендген, вакцинации со патронажна служба, и нервно, интерно, офтамолошко и оториноларинголошко одделение. Покрај тоа, во зградата на Здравствениот дом работат и 17 приватни здравствени установи од различни области. Во состав на приватните здравствени установи работат осум ординации по општа медицина, од кои две работат и во областа на педијатријата, седум стоматолошки ординации, од кои една е специјалистичка ординација по ортодонција и две гинеколошко-акушерски ординации.

Надвор од просториите на Здравствениот дом во Радовиш, се регистрирани уште 13 приватни здравствени установи, во чиј состав работат 6 ординации по општа медицина, 4 стоматолошки ординации, 2 лаборатории и по една специјалистичка ординација за интерна медицина и за ортопедија.

Состојбата со здравствените капацитети во селските населби е алармантна. Фактот дека постојат амбуланти само во селата: Али Коч, Злеово, Ораовица и Подареш, претставува јасен индикатор на состојбата во овој сектор.

Како дополнителен проблем за населението од селските населби се наметнува снабдувањето со потребните лекови и други фармацевтски производи. Во Радовиш работат 9 аптеки, кои имаат склучено договори за работа со Фондот за здравствено осигурување на Република С. Македонија.

КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА

Проучувајќи ја линиската инфраструктура на населените места на територијата на општина Радовиш, се доаѓа до заклучок дека комуналната инфраструктура не е на потребното ниво. Проблеми постојат и во водоснабдувањето и во одводната канализациона мрежа. Дел од помалите селски населби, како што може да се забележи и од табеларниот преглед на линиската инфраструктура, се уште не располагаат со водоводна мрежа, а со вода за пиење и за други потреби се снабдуваат од локални чешми и извори.

Останатите населени места немаат проблеми со снабдувањето со вода за пиење, со исклучок на одредени денови во летниот период, кога може да дојде до

недостаток на вода, поради што се врши и привремена рестрикција во снабдувањето со вода за пиење.

Канализациската мрежа исто така, не е на потребното ниво, дури и во градот, каде е изградена и функционира централна канализациската мрежа со околку 80 проценти. Поголемиот дел од населени места, немаат канализациона мрежа и проблемот со отпадните (фекалните) води се решава индивидуално. Сепак, проблеми има и во населените места што имаат изградено канализациска мрежа, каде и покрај изградбата на канализациски мрежи, се уште постојат домаќинства, кои не се приклучени на нив.

СООБРАЌАЈНА ИНФРАСТРУКТУРА

Во општина Радовиш, во градот, состојбата со локалните патишта задоволува, најголем дел е асфалтиран, но со застарена коловозна површина и има потреба од нејзина реконструкција.

Од табеларниот преглед на линиска инфраструктура на населените места во општина Радовиш, може да се заклучи дека се уште постојат населени места, пред се помали селски населби, кои немаат асфалтирани улици и кои не се поврзани со асфалтирани патишта. Тоа секако претставува проблем за населението, кое живее во нив и има директно влијание на развојот и на условите за живот во овие населени места. За останатите населени места, каде имаме изградено само дел од сообраќајната инфраструктура, постојат недостатоци, пред се во поглед на широчината и квалитетот на патиштата.

